# ВОВЕД

“Јас сум Македонец, со македонска свест, и како таков си имам свое македонско гледиште врз минатото, сегашноста и иднината на мојата татковина...“

(К.П.Мисирков)

Оваа книга е стремеж на авторот за презентација на македонскиот јазик, наука, култура и македонската монотеистичка вера. Тоа е вера за Големата мајка на воскресението, Мадона – Господарка, Бог Сонце ИЛИ, Космосот, сојот, ројот, родот ЛАВРОД Македонски и Македонија – РАЈОТ во вселената и на земјата, верување во реинкарнација на духот божји Илион-Македон, вера за поминување на духовната енергија во материјална и обратно помеѓу двете свети тројства. Двете свети тројства се: првото Бог Сонце ИЛИ, ДОН (пролет) и духот божји ИЛИОН-МАКЕДОН и второто сончевиот зрак ИЛ, божјата МА (земјата) и обожествените Господари Македонци. Воедно тоа е верување во создавање на рај на земјата со живата природа „ИС – ИСУС“ и тоа во дуалистичкиот однос помеѓу Бог Сонце и обожествените синови - Господари во кој е присутен божјиот дух Македон.

Основната појдовна точка при откривањето на наведеното е традицијата на македонскиот народ од пред 400.000 г. во продожеток до денес. Научните достигнувања се презентирани со митолошко-симболичка персонификација на појавите и процесите што се одвивале во природата, општествената реалност, производството и стоковната размена. Презентацијата е на дрво, кожа, коска, камен и земја од микро до макро димензии, со писмени знаци - слова (кирилица и латиница) и цифри (наречени римски), и тоа на мал простор со високо уметнички квалитети во вид на ЛИГАТУРА врз реалистички цртежи, како скриена порака во стихови. Верата се манифестира и со обреди во кој се одразува односот кон Бог Сонце преку песната, танцот, мимиката и гестовите.

Овие артефакти со естетско симболично значење, дешифрирани во оваа книга преку македонскиот древен исконски јазик и писмо, претставуваат материјален и писмен доказ за постоење на современо општество налик на денешното, организирано во држави во рамките на една држава која била распространета на пет континенти, наречена Големата Зета Македонија. Според овие писмени докази, дознаваме за постанокот на човештвото, историјата на македонскиот народ, а со тоа дознаваме и за историјата на светот.

Македонскиот народ со неговата наука, уметност и вера, претставува основа на сите новоформирани писма и говор и на другите племенски заедници и народи со понизок степен на развој. За жал, македонската вера претрпувала промени од самите одродени Македонци, претворувајќи го рајот во пекол преку светскиот потоп на УМОТ. Науката е заборавена, уметноста уништена, а македонската вера преточена во нова митска приказна. Но, се случува чудо божјо, се појавува Новото Македонско царство и реинкарнација на УМОТ со Св. Кирил и Методиј и Св. Климент и Наум.

Во однос на тоа, предмет на моето истражување е македонската цивилизација, која науката ја преточува во религиозни верувања, со магиско-религиозни практики, преку светлоста на божјиот ум присутен во Синот Божји Македон.

Континуитетот е запазен преку македонскиот народ, наречен азиско-европскиот народ, преку античко-македонскиот период со обожествениот македонски народ и Македонија како центар на светот со државното уредување ГОСПОДСТВО Зета Македонија со писмена, јазична и културна традиција до денес.

Користени се одредени теоретско-методолошки показатели со чие посредство ќе се врши реконструкција на македонската наука, писменост и вера.

## INTRODUCTION

This book represents the author's effort to present the Macedonian language, science, culture and Macedonian monotheistic religion or faith. It is a religion or a belief about the Great Mother of the resurrection, the Sun God ILI, the Cosmos, the breed, the swarm, the kin LAVROD Macedonian and Macedonia-PARADISE in the universe and on the earth, the faith on the reincarnation of the divine spirit Macedon, the faith on the transformation of the spiritual energy into material one and vice versa between the two holy trinities. The two holy trinities are: the first one is the Sun God ILI, DON (spring) and the divine spirit MACEDON, and the second one is the sunray IL, the divine MA (the earth) and the divinated Macedonians. Moreover, it is the faith about the creation of the paradise on earth with the living nature "IS – ISUS", in the dualistic relation of the Sun God and the divinated sons in which the divine spirit Macedon resides.

The main starting point when uncovering the abovementioned is the tradition of the Macedonian people from 400,000 years ago continuing even today. The scientific achievements have been presented with a mythologically-symbolical personification of the occurrences and processes which took place in nature, the social reality, the production and the trade exchange. The presentation was made in wood, hide, bone, stone and soil with micro and macro dimensions, in written signs – letters (Cyrillic and Latin) and numbers (called Roman), in a small space with a high artistic quality in the form of LIGATURE onto realistic drawings, as a hidden message in verses. The faith also manifests through rites reflecting the relation towards the Sun God through song, dance, mimics and gestures.

These artefacts with aesthetic symbolical meaning, deciphered in this book through the Macedonian ancient-primordial language and script, represent a material and written proof of the existence of a contemporary society resembling the present one, organized in states within a single state which was spread out on five continents and was called Great Zeta Macedonia. According to these written proofs we find out about the creation of humankind, the history of the Macedonian people, and with it the history of the world.

The Macedonian people with its science, art and faith, represents the basis for all newly formed scripts and speeches of other tribal communities and peoples on a lower level of development. Unfortunately, the Macedonian belief suffered changes from the alienated Macedonians themselves, who transformed the paradise into hell through the world flood of the MIND. Science was forgotten, art was destroyed, and Macedonian faith was transformed into a new mythical story. But, a miracle of God happened, the New Macedonian Empire emerges with the reincarnation of the MIND through Ss. Cyril and Methodius and Ss. Clement and Naum.

Therefore, the subject of my research is the Macedonian civilization, which science turned into religious beliefs, with magical-religious practices, through the light of God's mind presents in the Son of God Macedon.

The continuity was preserved through the Macedonian people, called Asian-European people, through the ancient Macedonian period with the divinated Macedonian people and Macedonia as the centre of the world with state organization Zeta Macedonian MASTERSHIP with written, linguistic and cultural tradition up to the present.

Certain theoretical-methodological indicators have been used in order to reconstruct the Macedonian science, literacy and faith.

## I. ПРЕДГОВОР

Долгогодишното истражување на научниците ширум светот ни укажува дека постоењето на изработените алатки, живеалиштата, цртежите во пештерите, графемите на кожа, геоглифите или цртежите на земја, се првиот евидентиран доказ за тоа како човекот, како специфична форма на постоење, почнувал да се разликува од останатите живи суштества. Цртежите и таканаречените шарки кои привлекуваат сè поголемо внимание, сè уште претставуваат предизвик и восхит за антрополозите, археолозите, етнолозите, историчарите и авантуристите.

Почетоците, од кога датира населувањето на првиот човек на Земјата, и од кога луѓето почнуваат да комуницираат меѓусебно со пишан збор, биле и ќе останат вечно прашање. Современите западноевропски теоретичари ја пласираат, строго, само приказната за првиот човек како номад, див ловец, дури и како канибалист. Оваа теорија е целосно површна, ненаучна и погрешна. Многу од досегашните сомнителни теории и претпоставки за датирањето од кој период на човечкиот развој се јавува писмото, се обвиткани во сомнеж и не се доволно истражени. Тоа ќе нè предизвикува, што подлабоко и интензивно да истражуваме и да бараме одговор.

Еден од одговорите е посочен и во оваа книга, која претставува опис на верата, науката и уметноста, преку пишаните документи, споменици на културата како дел од македонската цивилизација и обожествените Македонци - низ целиот свет. Ја презентира најдревната македонска вера за **вечниот живот** и патот на душата кон РАЈОТ. Појдовна точка се буквите од кириличната и латиничната азбука (во оваа книга наречени слова ЦУТНИ), римските цифри (тука ги нарекуваме цифри ПРОЛЕТНИ) и ракописите во облик на лигатури, во кои се наѕираат корените на историјата на светот. Основен елемент, со помош на кој се обработени овие пишани документи, е токму **македонскиот јазик.**




сл.1 Градешница – Македонија (денес таканаречена Бугарија), 5.000 – 3.500 г. мак. ера пред појавата на христ.
Сл. 1 Дешифриран натпис од Васил Иљов[1]; обработка на цртежот Бранко Сотировски.

Во осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век е пласирана тезата дека само историскиот антички период е време на зачетокот на модерна Европа, не водејќи сметка за древните наоди, како докази за големите достигнувања во науката, уметноста, верата и писменоста, кои се основа за овие подоцнежни достигнувања. За жал, овој став од научниот свет е застапуван до денес, претставувајќи ги древните наоди како дела на „примитивен народ од палеолитот и неолитот“[2], одбивајќи ги новите толкувања на еволутивната историја, поткрепени со пишани документи. Кој бил тој народ, како изгледала нивната вера и кое писмо и јазик тој народ го користел, се прашањата, на кои се обидуваме да одговориме. Но, претходно, може со сигурност да се каже дека тоа не е безименото племе од семитско-арапско потекло, населено на јужниот дел на Македонскиот Полуостров, во малото гратче Греко, населено со бедни рибари, друмски разбојници и измамници. Греко на нивниот јазик значи крадец, измамник. Тоа не е ни градот држава Рим, со украденото материјално и културно богатство од Македонците. Да посочиме само неколку приме-

[1] Извор: http://www.makedonijaese.com/storia2.htm; пристапено на 28.04.2015.
[2] Термините за периодот палеолит и неолит за првпат се запишани од John Lubbock во 1865 год. во публикацијата „Предисториски времиња“ (Pre-Historic Times, as Illustrated by Ancient Remains, and the Manners and Customs of Modern Savages) – извор: http://www.historyofinformation.com/expanded.php?id=2556, пристапено на 20.08.2015

ри: нивниот јазик е извртен јазик на семитското-арапско племе, формиран од македонскиот јазик. Римската азбука не е римска, туку тајната македонска азбука на ЦУТОТ[3], римските цифри не се римски, туку тоа се македонските цифри на ПРОЛЕТТА[4], римската митологија е македонската вера со изменети имиња на светците (Богови), римското право е македонско право и др. Значи, првичните наоди припаѓаат на еден народ распространет на пет континенти со засега утврден временски период од 400.000 г., а тоа е македонскиот народ, некогаш организиран во **Големата Зета Македонија.**

Македонија е освојувана, ограбувана и негирана со присвојување на дел од нејзиниот културен придонес кон светската историја, а со учество на некои европски земји. Затоа и оваа книга е само предговор за богатата историја на македонскиот народ, почеток на проучувањето за развојот на културата и цивилизацијата на светот и нејзиниот континуитет до денес. Мојата анализа е научно-имагинарна, реално-нестварна, световно-божествена, практично-уметничко-митолошка, логична и магична, логична и нелогична, толку реална и вистинита што изгледа неверојатно.

**Македонците уште од искона биле луѓе на светот, со организиран социјален живот,** претставувани од западните научници како луѓе, кои дошле од некаде, а и самите научници не знаат, не сакаат и не смеат да кажат од каде. Обожествените Македонци биле присутни на планетата Земја на пет континенти: Европа, Азија, Африка, Австралија и Америка, отсекогаш пренесувајќи им ги, со векови и милениуми, сите тие свои културни карактеристики на своите неписмени поданици. Но, како што светлината ја привлекува темнината, така и македонскиот народ, поради својата света должност, бил лесен плен на варварите, скитниците-крадци, разбојниците и безбожниците. Многу од западните научници, поради субјективни побуди, му припишуваат на сопственото племе нешта, како да се нивно културно достигнување и наследство, слично како што нашите соседи си ја присвојуваат територијата и културата на македонскиот народ. Тие заборавааат на фактот дека нивните јазици се само дијалекти на македонскиот јазик, а кај јужното племе од семитско-арапско потекло и латинскиот јазик има од 60 до 70% македонски зборови, но и сите јазици низ светот имаат корен од македонскиот јазик.

Научниците не можат ни да си замислат, дека меѓу останатите помали племиња раштркани по светот, само македонскиот народ, како божји деца е создаден одеднаш на петте континенти, во една заедница со општествено уредување како држава, наречена Зета Македонија, со првиот облик на владеење низ светот – ЗЕТУВАЊЕ, со нејзините словесно-славни Господари – Владетели: ЗЕТОВИ и НЕВЕСТИ, ТЕШТ и ТЕШТИ, а народот во таа држава обожествени со словото – Македонци.

Кодот на Македонците живее до ден-денес во новоформираните племенски заедници, кои го признаваат, или не го признаваат. Некои историчари ги зачудува фактот што во сите цртежи и шари, се среќаваат исти симболи со слични стилови, во различни периоди од таканаречената „праисторија“, низ целиот свет. Ова го објаснуваат како коинциденција, а не како индикација за едни исти луѓе, припадници на една култура и цивилизација - македонската цивилизација и култура во вистинската смисла на зборот. Начинот како тоа им успевало на Македонците е следниов: Како божји деца и Господари - Владетели на Земјата, Македонците го поседувале божјиот дар - **УМОТ**. Тие имале нужна потреба умствените активности да ги пренесат на други луѓе усмено. Во истиот момент, кога се создава првиот глас, се создала и првата буква како еден ЦУТ – ПРОЛЕТ. Со создавањето на повеќе гласови, повеќе цутови, меѓусебно оплодени, се создале зборовите, а воедно и писмото. Писмото било фонетско, за секој глас по едно слово. Божјиот народ Македон, со подарениот ум од Бог Сонце ИЛЕ го спознава словото испратено со божјите зраци ИЛ. Тие со помош на словата и цифрите, создале форма на пишување во вид на ЛИГАТУРА, а за полесно да разберат пошироките народни маси, се изразувале со цртеж-лигатура, гравир-лигатура или скулптура-лигатура. Тоа значи, **претставите на цртежи и фигури ги изработувале со букви**.

Лигатурата или ЛЕГАТУРАТА се слеани знаци – слова. Македонските слова легнати врз господаречката фигура, наредени во една композиција во форма на реалистички цртеж, претставува **цртеж-лигатура.** Цртежот е едноставен и јасен, од научната лига е претставуван како

---

[3] Пошироко објаснето во делот “Вера” општи принципи на македонската вера, создавање и развој на стр.14 и МАКЕДОНСКА ЕРА НА КУЛТУРАТА (историски развој на македонската цивилизација како историја на светот со континуитет до денес);Македонско писмо на стр. 34.

[4] Пошироко објаснето во делот “Начинот на создавање на буквите и цифрите” на стр. 38.

наивна уметност, меѓутоа во суштина крие натпис. **Лигатурата** претставува сплет на букви и цифри на прв поглед неразбирливи, но со анализа препознатливи во склоп на зборови во одреден мисловен концепт. Со неа се искажувале претстави, цели апстрактни композиции од мисли со верска симболика, која постепено станала традиционално обележје со сопствена оригиналност и посебност на одредени географски региони. Совршеноста на лигатурите е во нивното симболично прикажување на вера за пошироките народни маси, но и во текстуално значење за Господарите - Владетели Македонци, како изразно средство а во исто време сето тоа да биде и фигура и пишан документ на едно случување, на еден момент, кој би бил засекогаш втиснат на некоја карпа, земја, камен, кожа или коска. На овој начин Македонците ги пренесувале своите мисли и чувства, а природно се јавило и опевањето во стихови и мелодија. Токму затоа пишаните документи кои ги среќаваме низ целиот свет имаат поетски призвук.

Во овој контекст би го спомнале митското суштество - обожествениот Хермес (или ЕНОК – единствениот). Од поновата македонска вера, тој е син на Ѕеус и мајката Плејада Маја, гласник на Боговите и предводник на мртвите во подземниот свет, заштитник на трговците, пронаоѓачите, патниците, атлетичарите и крадците[5], и за таа цел би цитирале еден схоластичар:

**„ХЕРМЕС ја согледа целоста на сите нешта.**
**И, откако ја виде таа целост, ТОЈ РАЗБРА СЀ. И, откога разбра сѐ, тој ја придоби моќта да разоткрива и да насочува.**
**ВСУШНОСТ, НЕШТАТА КОИ ТОЈ ГИ РАЗБРА - ГИ НАЦРТА!**
**И, откога ги нацрта - ГИ СКРИ!**
**Зошто за повеќето посака да молчи, а не да говори. ЗА ДА ГИ БАРА НИВ секој НАРОД роден по Големиот Светски Потоп. “**

Големиот светски потоп претставува потоп на умот. Потопот на умот се случил со појавата на понови, многу божји верувања и митологии, како на пример христијанството, а и другите подоцнежни религии, како продолжение на македонската вера со извртени факти. Се разбира дека согледаната целост на сите нешта што Хермес ги разбрал, ги сокрил од ново формираните племенски заедници, кои ја уништиле македонската држава, големата Зета Македонија. Божјиот чист и бел бисер, духот божји Македон, сокриен е и не може да го согледа западно-научната лига. Само македонскиот народ како божји деца, со избрани поединци ја чуваат тајната на животот и постанокот на светот. Денес мнозина сакаат да ја дознаат, но бисерот не се фрла пред свињата.

Токму поради сето ова, ми се појави желба, ова истражување да го вклопам во пишан збор, со светото слово, поткрепено со илустрации, бидејќи словото е божји дар и врв на почитувањето на Бог Сонце ИЛИ/ИЛ. Не се исклучени грешки, кои на помладите истражувачи ќе им бидат поттик за почеток на нови истражувања. Ова е само почеток и предговор на предизвикот за подетално истражување, за докажување на фактот за постоење на големата цивилизација и култура на Македонскиот народ на пет континенти, со непрекинат континуитет уште од времето на таканаречениот „палеолит“, па сѐ до денес, а сега во книгава преименуван во ИСТОРИСКИ ПЕРИОД НА ЗЕТА МАКЕДОНИЈА, низ сите региони на светот.

[5] Zamarovsky, V. (1973). „Junaci antickih mitova“. Zagreb : Skolska kniga стр. 128




Сл. 2а Карта на Големата Зета Македонија со центарот на светот Македонија.




Сл. 2б Македонија во картата на светот (исечок), според Космографијата на Клавдиј Птоломеј (пред околу 100 – 178 г.мак.е.пред.п.христ.).

## II. ВЕРУВАЊЕ

Општи принципи на македонската вера, создавање и развој

**ЗАБЕЛЕШКА**: Пред да навлеземе подетално во истражувањата, морам да посочам на тоа дека датирањето на артефактите и натписите е специфично, не земајќи го во предвид денешното датирање со „наша” и „пред наша ера”. За ерата како македонска и како нешто што нема застој, како и за причината зошто одреден артефакт е датиран во одреден период од македонската ера, има исцрпни објаснувања низ текот на книгата, но за да добиеме јасен увид во кој конкретен временски период од таа македонска ера некој натпис е создаден, ерата ќе ја именуваме како македонска ера пред и по појавата на христијанството. Па затоа во понатамошните излагања би ја користел кратенката **„ мкд.е.пред.п.хрис.” и „мкд.е.по.п.х хрис.”**.

Човекот отсекогаш се запрашувал за своето потекло и за потеклото на светот, а живее во чудесен свет, чија совршеност отсекогаш го збунувала. Разни теории, филозофски и религиозни, само наведуваат на некои размислувања, кои тој си ги создал, за да си даде одговори на прашањата, кои вечно го предизвикуваат, да трага по вистината за себе и за светот. Некои од нив нудат научно-практични одговори, а други наведуваат митолошко-космолошки концепции, припишувајќи го чудото наречено живот на некаков натприроден ентитет - бог, дух итн.

Прашањето, како настанала, конкретно, првата вера на светот, верата на македонскиот народ, како света приказна, чија цел е да даде одговор на горенаведените прашања, и која е нејзината задача, нè води кон фактот, дека човекот уште на „почетокот“, со својата висока интелектуална и креативна свест, и со своите мечти, притаеното знаење за природата го преточува во приказни и мисловни слики (алегории), и создава ред, за да му даде смисла на своето постоење, т.е. создава вера, поточно верата го „создава“ него. На тој начин, тој прави алегориска слика за реалните настани, им дава суштина на нештата. Единствен народ, кај кој во едно се вклопени како целина, писменоста, јазикот, културата, единствена и целосно оформена концепција на верување, верата, и сите вредности, кои произлегуваат од тие високо развиени цивилизациски одлики - е македонскиот народ. Корените на сите верувања, митологии и религии, целокупната структура на сите светски јазици, е токму она што тие Македонците, допринеле за развојот на човештвото од времето на историскиот период на Зета Македонија. Тој е изворот од кој произлегува сиот развој на човековата умствена свест. Притоа, нема граници, географска определеност и ограниченост, сè е една **мајка** родилка, еден **Бог**, еден **Космос**, еден **Ред**. Докази има, фактите се очигледни, забележливо е дека луѓето од памтивек имаат високо развиена моќ, способност за апстрактно мислење, јазик, интроспекција, и способност за решавање на проблеми. Тие не се промениле ниту преминале од понизок кон повисок вид. Нивното ниво на свесност, моќта за сочувствување, емпатија, страв, неизвесност од иднината, и од тоа што после смртта, се присутни од секогаш, само што овој пат доказите од минатото не се рецки и шарки, туку се пишани споменици дури од пред 400.000 год. Буквите со кои што се испишани, се истите денешни македонски, тие се дар божји, кои искрснуваат како посредник меѓу светото и световното, медиум меѓу човекот и Бог, дар за луѓето, кои, на тој начин, стануваат Господари - Владетели. Стануваат Господари – Владетели, создатели, моќни и способни да создадат дела, кои останууваат загадочни сведоци за едно дамнешно време, потсетувајќи нè, дека тука сме и сме биле, отсекогаш, во истата форма, мали и кревки во однос на Бог, а големи и моќни поради она што Тој ни го подарил.

Симболичкото изразување е исто така присутно, а совршеноста во идеолошката слика на она што ни го кажуваат симболите, е спознанието дека тие се универзални кодови, конструкти и составни елементи од една општа вера, но и реалност и практичност. Воочлива е разликата на мислењето на повеќето претставници од научниот свет кои сметаат дека верата потекнува и е плод на „примитивни луѓе“. Примитивен човек, дивјак и ловец, не би можел да ги поседува горенаведените карактерни особини, не би можел да твори, пишува и создава уметнички дела, и не би можел да гради научни доктрини. Теориите и толкувањата на светот се соочуваат со вечно неодговорени прашања, со кои се соочува човекот до ден-денес, а ниту приближно не го пронашол вистинскиот одговор. Затоа, именувањето на верската теорија, на нејзините создатели и на времето кога е создадена, како „примитивизам“, е неосновано, погрешно и грубо.

Друга заблуда, во која се вплеткува истражувачкиот свет, се однесува на ширењето на верата. Не станува збор за ширење на верата од еден човек на друг, со прераскажување и позајмување на приказните од патниците трговци, туку, со оваа книга се докажува, дека верата самата по себе е верување на еден народ, кој се простирал географски на сите пет континенти. Тоа е народ со развиена наука и уметност, со најстаро име на светот, и народ со најмногу владетели на светот. Тој народ во Зета Македонија Европа (Европа) и Зета Македонија Востанија (источна Азија), го нарекуваат „индоевропски“, а самиот термин „индоевропски“ е застарен и погрешно конструиран. Тој народ треба да се нарекува МАКЕДОНСКИ.[6]

Што се однесува до другите помали племенски заедници, тие го прифаќале од Македонците писмото, науката, уметноста и верата, со што е извршено големо влијание врз нивниот јазик и култура. Со текот на времето, тие помали племиња прераснале во бројно подоминантни во одредени региони, нивниот јазик се јавува како дијалектен јазик на македонскиот, кој подоцна се формирал како сопствен, самостоен јазик, чии корени се македонски, како одговор на долгогодишното влијание. Но, **принципот на верата за Големата Мајка, Сонцето и Космосот останал ист и непроменет со мали измени на имињата и настаните, формирајќи многубожен систем, за разлика од македонскиот – монотеистички**. Значи, „индоевропскиот народ“ всушност, е македонски народ, со јазик, кој ги содржи сите таканаречени „индоевропски“ јазици, кои се живи до денес. Терминот „индоевропски јазик“ треба да се замени со јазикот на **СВЕТОТ, СВЕТСКО-МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** или **древен исконски македонски јазик**.

Македонската вера немала фази во нејзиниот развој, поточно, не претрпела промени. Во македонската вера, почетна точка од линијата на бесконечноста е МАЈКАТА на воскресението. Има само еден единствен Бог, наречен **ИЛИ/ИЛ**, како недопирлив бог, а сѐ друго на земјата и вселената, било БОЖЈО, како на пример: Мајката родилка, децата божји Македонци, наречени од нивните поданици ГОСПОДАРИ – ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ. Немало „фетишизам“ – обожување на материјални предмети и немало „тотемизам“ кој подразбира идолопоклонство, како на пример, некое животно, во кое „престојуваат“ душите на предците. Имало материјални предмети, како скулптури на луѓе и животни, како на пример: коњот, еленот, орелот, лавот и др. како СИМБОЛИ на Сонцето. Има божји натприродни суштества, како самовили (кои се всушност, сончеви зраци) и духовни вредности како љубов, мудрост, праведност и др. Единствениот Бог, наречен **ИЛИ/ИЛ ни подарил УМ, кој го произведува првиот глас, со првиот глас се јавува првото слово, како симбол, како еден ЦУТ,** кој не претставува плод. Од повеќе слова цутни, во вид на плод, Господарите - Владетели Македонци ја создале словарницата. Со умот, писмото и цифрите, Господарите - Владетели Македонци ја развиле науката, уметноста и верата за: **„ГОЛЕМАТА МАЈКА на ВОСКРЕСЕНИЕТО, СОНЦЕТО, КОСМОСОТ, СОЈОТ, РОЈОТ, РОД МАКЕДОН И МАКЕДОНИЈА РАЈОТ на земјата и МАКЕДОНИЈА РАЈОТ ВО ВСЕЛЕНАТА со божјиот дух МАКЕДОН наречен SE.“**[7]

Македонската Вера во себе го содржи и принципот на светиот триаголник, со три точки и три линии, а нејзината оригиналност се согледува во верувањето во две тројства[8]. Оттаму, Македонците со право се нарекуваат и Троенци, луѓе поклоници на светото тројство, од каде и луѓето во античкиот период го дале името на местото Троја, алудирајќи на своето верување. Токму затоа во ова дело, терминот “Тројански коњ”, или поточно Троенски Ат (коњ), не се однесува на она значење што тој го има како дел од приказната за Тројанската војна, туку како што веќе споменавме, коњот како едно од животните кои симболизираат Сонце и се персонификација на сончев зрак ИЛ, е поим кој што се појавува секаде каде што живеел македонски народ. Во овој контекст, имаме и македонски даб, кој е ендемски вид со посебни карактеристики и претставува вистинско природно богатство. „Името, македонски даб го добива затоа што неговиот ареал е соодветен со територијата каде што со векови живее македонскиот народ.

Покрај терминот македонскиот даб, постои и синонимот Тројански даб. Во споредба со другите дрвја, кај нашиот народ, дабот имал најголемо значење во религиозниот живот. Според верувањата, ја имал улогата на свето дрво, каде што во минатото, се одвивале религиозни обреди”.[9]

---

[6] Дешифриран текст: „Народ Македонски“ Градешница – Бугарија, глинен печат 5.000 – 3.500 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 111.

[7] Објаснето подоле во делот за КОСМОЛОШКО - КОСМОГОНИСКИ ПРИКАЗ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТОТ, стр. 20.

[8] Дешифриран текст: „Две тробожија и Македонија“ Етнолошки музеј Скопје – Македонија стр. 134.

[9] http://www.mn.mk/aktuelno/3342, пристапено на 20.08.2015.

Двете тројства пак, кај македонскиот народ се однесуваат на следново: Едното е **свето, вишо-вселенско,** другото **световно, нижо-земно**. Сѐ се сведува на верувањето во ЕДЕН **Бог ИЛИ - ИЛ**, **цутот ДОН и божјиот дух Македон** и, како таква, македонската древна вера игра важна улога во етнологијата на сите подоцна новоформирани племенски заедници низ светот, оставајќи им ја во наследство. Двете тројства се следниве: **Бог ИЛИ, Дон и божјиот дух Македон** како прво СВЕТО тројство[10], и **божјиот зрак ИЛ, божјата МА и Господарите - Владетели Македонци** како друго СВЕТОВНО тробожје[11]. Митолошките приказни, отсликани од реалниот живот, имплицитно (се подразбира) создаваат традиции и обичаи, кои се негуваат сѐ до денес. Нивни влијанија се чувствуваат низ разните празнувања, како Василица или Старата Нова Година, па и Божиќ и Бадник, Младенци и денот на пролетта (Летник), денот на жетвата – Ксантиката/ Жантика итн. Склучувањето на бракови е, исто така, традиција која се одвивала на посебни свети места, како врвови на планини, а доколку немало планини во близина се граделе вештачки планини, пирамиди или опсерватории, каде се одвивал свечениот чин. Но, тоа се местата и каде што се избирал Зетот, односно господарот или Господ на земјата, односно владетелот на таа Зета, или територијата од Големата Зета Македонија.

Погребните обичаи пак, се изведувале како церемонијални обреди, каде што покојникот се горел на клада[12], како симболичен чин на прочистување, при што се верувало дека неговата душа, низ пламените јазици, повторно ќе се вивне кон Сонцето, со што би му се гарантирало вечен живот и место во Македонија - рајот на земјата и вселената.

Како образован народ, Македонците живееле во организирани населби, во куќи со нумерирани улици[13], со одреден систем на парцелирани[14] ниви.[15] Поседувале домашни животни, одгледувале житарици, овошје и зеленчук, со соодветни средства за производство.

Сѐ на сѐ, заклучуваме дека настанокот на светот потекнува од најстарата верско-научна цивилизација, цивилизација на македонскиот народ од Големата Зета Македонија, која се базира на едно големо чудо, сила или законитост на МАЈКАТА ОД СВЕТЛОТО И ТЕМНО-ТО. Таа е родилка на ВОСКРЕСЕНИЕТО на божјиот поглед „SE“, што претставува дух божји Македон, се создава ред во светот низ неколку фази, т.е. преку **седум** таканаречени **чуда,** низ кои се создаваат Господарите - Владетели на Земјата – Македонците. За нив настанокот е поврзан со вдахнувањето на ДУХ божји Македон, свест и ум и сличните на ним карактеристики на човекот, кои го одвојуваат од животните. Големите божји чуда се случиле на **Македонскиот Полуостров** (наречен Балкански), и сето тоа не е случајно.

Меѓу првите откриени сведоштва, значајни за нашата и за целокупната светска историја, се оние пронајдени во пештерата Црвени Стени (Петралона), близу селото Камени Гумна, во Егејска Македонија, каде што, во 1959 год., е пронајден череп на човек, кој датира најмалку пред 600.000 г., за кој се претпоставува, дека бил на возраст од 25-30 години (сл. 6). Друго значајно сведоштво, кое му претходи на пронајдениот череп, претставува **амонитот** (сл. 3), кој е меѓу првите живи организми, пронајдени на Македонскиот Полуостров, со изминат временски период од 160 милиони години, кај Длабока река – Штипско, Македонија. Во месноста Превалец, Велес, Македонија, пронајдени се фосили на коски од животни (сл. 4 и 5), кои денес живеат во Африка, како на пример: мамут, тигар, лав, нилски коњ, антилопа, коњ со три прсти на ногата и др. Овие, и многу други, претставуваат материјални остатоци, кои се директни докази и сведоштва, преку кои може да ги разоткриваме прапочетоците и настанокот на животот.

[10] Дешифриран текст: „Световно трибожије“ - Наска, Перу, стр. 316.
[11] Дешифриран текст: „Световно верско тројсво“ Наска, Перу, стр. 316.
[12] Дешифриран текст: „Крескај се“ Илина Гора, Осинчани,Скопје, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.х. Македониа, стр. 99.
[13] Дешифриран текст: „Шуплив 7 - мо колиште“, Дупјак – Костурско, 5.260 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 109.
[14] Дешифриран текст: „Логос“ Осинчани, близу до Скопје, датиран 7.000 – 6.000 г.мак.е.п.п.х. Македонија, стр. 98.
[15] Дешифриран текст: „Сонот на еден Македонец“ Алта Мира, Шпанија, 14.800 – 14.400 г.мак.е.пред.п.х. стр. 222.



Сл. 3 Амонит - 160 милиони год. Длабока река – Штипско, Македонија.[16]



Сл. 4 Природонаучен музеј[17]
Скопје, Македонија



Сл. 5 фосилна коска 10 милиони год.[18]
место Превалец, Велес, Македонија.



Сл. 6 Черепот од Петралона[19]

[16] Фотографија: амонит, Бранко Сотировски
[17] фосилна коска, Природонаучен музеј Скопје, Македонија, фотографија: Бранко Сотировски
[18] Фосилна коска,10 милиони години, место Превалец, Македонија, фотографија: Бранко Сотировски
[19] Извор: Macedonia:Historuy – monuments – museum; I.Touratsglou, EKDOTIKE ATHENON S.A Athens 1999, стр. 277.

## II.1 ЧУДАТА НА БОЖЈАТА МАЈКА И БОГ СОНЦЕ ИЛИ- ИЛ, создавањето живот на Земјата

**ПРВОТО ЧУДО е чудото на божјата Мајка:**

ГОЛЕМАТА МАЈКА од СВЕТЛО и ТЕМНО, која никогаш не е родена и никогаш да умре, родилка на ВОСКРЕСЕНИЕТО на БОЖЈИОТ ПОГЛЕД, кој во себе го содржи духот - генот божји „SE“, наречен Македон пред 13 до 15 милијарди години.

**ВТОРОТО ЧУДО е чудото на погледот „SE“**

Оплодувањето на Големата Мајка-куќа, наречена Елена, која ја раѓа ВСЕЛЕНАТА со Бог Сонце ИЛИ – ИЛ како дел од едно божество - сонца, воедно околу секое сонце раѓа по една Земја мајка-куќа и животот на неа, со сите плодови, наречена божја МАДОН - ГОСПОДАРКА, пред околу 3,5 милијарди години.

**ТРЕТОТО ЧУДО е чудо на Бог ИЛИ**

Одбирајќи ја територијата на Македонскиот Полуостров за своја престолнина, со тронот во АЛШАР, кој е намерно избран поради територијата Македонија - рајот на Земјата. Рудникот Алшар [20] се наоѓа на планината Кожуф, кај Мариово, Македонија. Во изобилство ги содржи минералите антимон, арсен, талиум и злато. Талиумовата руда лорандит, која е природен детектор на неутриното, честичката, која од Сонцето до Земјата патува за 8 секунди. Со други зборови, тој минерал е единствен, кој ги задржува честичките на неутриното, кои пак идат директно од јадрото на Сонцето. Тој е мошне редок минерал, за кој е утврдено дека во целиот свет го има единствено во Македонија.

**ЧЕТВРТОТО чудо на Бог ИЛИ**

Тоа е спојот на божјите зраци ИЛ како дух божји Македон со божјата МАДОН и создавањето божји деца наречени Господари - Владетели Македонци пред 470 – 208 милиони години.

**ПЕТТО чудо на Бог ИЛИ**

На своите божји деца да им подари: говор, словарница ЦУТНА (денес наречена кирилица и латиница) и цифри ПРОЛЕТНИ (денес наречени римски), со кои се означуваат природните броеви.

**ШЕСТО чудо на Бог ИЛИ**

На своите божји деца да им подари УМ, со кој ќе го развијат јазикот, науката[21], писмото, и верата македонска во Бог Сонце Или и да ја рашират низ светот и подарат на другите Македонци и племенски заедници во Европа, Азија, Африка, Австралија и Америка.

**СЕДМО чудо на Бог ИЛИ**

Сите негови чуда да создадат МАКЕДОНСКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА на Сонцето, Космосот и РАЈОТ,[22] како **ИСТОРИЈА НА СВЕТОТ**.

---

[20] http://puls24.mk/mislenja/izdvojuvame/makedonskiot-rudnik-alsar-krie-misteriozni-bogatstva,

[21] Дешифриран текст: „Првиот образовен систем” Laugerie Haute, Зета Македониа Нанија, Франција, стр. 216.

[22] Дешифриран текст: „Цут – Симбол на Македонска цивилизација“ - Велушка тумба Македонија, стр. 117; „Сонце - богово јајце“ Зета Македониа Прекуокеански јужен Цут - Наска (денешен Перу) стр. 321.

## II.2. КОСМОЛОШКО - КОСМОГОНИСКИ ПРИКАЗ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА СВЕТОТ

КОСМОГОНИЈАТА опфаќа мит за создавањето на светот. Зборот космогонија потекнува од комбинацијата на двата македонски збора и тоа: „КОСМОС“ и „ГЕНА“. Космосот се однесува на редот во вселената, за пренос на божјиот дух Македон[23] од ѕвезда до ѕвезда и од ѕвездите до SEMJATA, преку молњи (во космосот меѓу ѕвездите се наоѓа и пеколот на одродените Македонци). Терминот КОСМОЛОГИЈА претставува специфичен поглед на светот од група на луѓе, научно обработувани појави, кои се однесуваат на вселената, но и филозофски концепции за поимањето на светот, поврзани со науката, астрономијата, физиката и математиката. Космогониските митови ни овозможуваат одговори на две многу важни прашања поврзани со перцепцијата на земното, подземното и небесното. Одговорите што се овозможени од овие митови не се само на прашањата како светот бил создаден, туку и на прашањата за тоа зошто овој свет бил создаден. Објаснувањето за такви појави може да се најде во заедничката почетна точка – набљудувањето на небото и движењето на небесните објекти, Сонцето и Месечината.[24]

Во историскиот период од 400.000 г. на Зета Македонија и македонскиот народ, настанокот на светот се објаснуваат со Големата Мајка создадена од светлото и темното, наречена ВСЕЛЕНА. Во времето на ВСЕЛЕНАТА имало само светлост и темнина, **светлоста била темна или темнината е светлост**. Таа го раѓа или го воскреснува, божјиот поглед или двојниот поглед. Од Господарите - Владетели Македонци наречено „S, S“ или „SИР, SИР“. Двојниот поглед или око „S’P, S’P“ или „SИР, SИР“ го среќаваме во ромбичната форма на македонскиот симбол на двете тробожија со изминат временски период од најмалку 400.000 г. МАКЕДОНСКА ЕРА, живо до денес преку македонскиот вез и македонскиот килим. Зборот „S’P“ е дијалектен збор во Штипскиот округ – Македонија, присутен до денес во детските игри. При остварување на успех или победа кон спротивната страна, победникот задоволен изговарал неколку пати „S’P, S’P, S’P“ и е корен во зборовите ѕирка, ѕрцки, ѕеркало и др.



Сл. 7 Мајката Вселена.



Сл. 8 Окото на воскресението,
- Двојниот поглед S’P S’P.
Македонски килим - Охрид.



Сл. 9 Мајката Вселена
го раѓа божјиот поглед.

---

[23] Дешифриран текст:.„Македониа Зета“ Зета Македониа Востанија, денешен Тајланд, Pla Ra, 3.000 г.мак.е.п.п.хр. стр. 293.

[24] http://loza.mk/2015/04/sky-map-of-macedonian-people/, пристапено на 20.08.2015.




Сл. 10 Космолошко-космогониски приказ за создавање на светот.

Во еден миг од времето бесконечно, еленот или вселенот се вселува во усните на божјата мајка Елена. На тој начин се раѓа вселената. Се создаваат сите ѕвезди, тие се делови од едно божество во вселената, а околу секоја ѕвезда се раѓа по една или повеќе SEMJИ. Духот божји Македон[25] претставува БОЖЕСТВЕНА КАРАКТЕРИСТИКА наречен **ГЕН**. Што значи, терминот „ГЕН“ е наследна единица која што ги определува карактеристиките на потомците од машки род, од тука произлегува констатацијата дека неговите деца се викаат ГОСПОДАРИ - ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ. Веднаш се чувствува потребата да се објасни терминот „ГЕНА“. Гена е всушност, ЖЕНА. Што значи, терминот „ГЕНА“ е наследна единица која што ги определува карактеристиките на потомците од женски род. Од сè ова кажано, врвот на македонската МОНОТЕИСТИЧКА КОСМОГОНИЈА, која што произлегла непосредно од МОНОТЕИСТИЧКАТА КОСМОЛОГИЈА за настанокот на светот, произлегува дека ОСНОВНА ПОЈДОВНА ТОЧКА Е **МАЈКАТА - жена, традиција која свесно или несвесно се провлекува со КОНТИНУИТЕТ ДО ДЕНЕС во Македонија.**

Од ѕвезда до ѕвезда, патува светлоста како дух божји Македон. Во вселената се наоѓа и SEMJATA. Повторно таа е МАЈКА, мајка на ДОН – ПРОЛЕТТА. Божјата МАЈКА сега е наречена со имињата: Маричка божја, Мадон пролетна, Мадонка[26] оплодена, Македонка во раст, МАЈКА родилка и на крајот МАКЕДОНИЈА - РАЈОТ.

Македонија - рајот повторно е БОЖЈА МАЈКА. Таа е мајка Македонија, која со помош на божјиот дух Македон ги раѓа синовите божји МАКЕДОНЦИТЕ како ГОСПОДАРИ - ВЛАДЕТЕЛИ НА ЗЕМЈАТА МАКЕДОНЦИ[27], владетели на рајот. Циклусот за обновата на божјиот дух се случува секоја година на ден XXI-ви декември, по лунарниот календар од набљудувачницата Кокино.

---

[25] Поопширно објаснето во делот “Божја Ма и фазите на нејзиниот развој; концептот за МАКЕДОНИЈА РАЈОТ” на стр. бр. 27.

[26] Дешифриран текст: Амајлија“ Доброѓе – Романија, стр. 169.

[27] Дешифриран текст:„До отецот твој“ Patne OES - Јужна Азија пред 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 258.




Сл. 11 Македонски килим, Големата МАЈКА ВСЕЛЕНА на светлото и темното.



Сл. 12 Село Долно Мелничани – Дебарска околија. Македонски вез на погледот „SE“.

Обожествените Македонци со својот дух божји Македон, по смртта ставени на клада пловат до Сонцето[28] на (А’ЅИЛК – божји лак - виножито или лач - божјата роса), а од Сонцето преку пирамидата се враќаат повторно во Македонија - Рајот. Од денот на раѓање на божјите деца од божјата МАЈКА SEMJA како БОГОРОДИЦА се наречени Господари - Владетели на Земјата Македонци, а врховниот Бог ИЛИ – ИЛ почнува да ја дели својата оплодувачко - создавачка сила со своите деца за оформување на рајот. Во секој случај Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и божјата мајка Ѕемја го имаат последниот збор.

Господарите - Владетели на Земјата Македонците биле и смртни. Нивната божественост е што тие во себе го носат БЕСМРТНИОТ дух божји Македон. Тој божји дух Македон од Сонцето, качен на „Л‘СИ“ (светлосните зраци) пристигнува преку виножитото – ѕуницата во Македонија - рајот, за да ја оплоди SEMJATA.

За научниот свет, постојат само три монотеистички религии: христијанството, мухамеданството и јудеизмот. Создавањето на светот е во рацете на еден единствен Бог, кој од Ex nihilo го создава универзумот. Постојат и митологии во кои за постанокот на светот се вклучени повеќе божества, како на пример кинеската, индиската, персиската како и верувањето од времето на Зета Македонија на развојот на човекот, за кое научниот свет под водство на западните научници, сметаат дека е верување во многу божества.

Според моите истражувања на пишаните натписи како споменици на македонската култура, за разлика од горенаведените религии, македонската религија или вера е МОНОТЕИСТИЧКА, настанокот на светот го објаснува со ГОЛЕМАТА МАЈКА, родилка на ВОСКРЕСЕНИЕТО на БОЖЈИОТ ПОГЛЕД, кој во себе го содржи духот божји „SE“ наречен Македон и МАЈКАТА ЕЛЕНА - родилка на ВСЕЛЕНАТА. Значи македонската вера е ВЕРАТА НА МАЈКАТА РОДИЛКА НА воскресението на духот божји Македон во облик на молња или светлост SE што претставува божество **ИЛИ – ИЛ**, И МАЈКА родилка на сите Господари - Владетели Македонци. Од ова сфаќање произлегува сфаќањето на македонската вера во однос на: времето бесконечно, божјиот простор и божјата причинско-последична временска карактеристика.

Господарите - Владетели Македонци, создавањето на светот го сфаќаат како оплодувачка моќ на својот Бог ТАТКО Сонце ИЛИ, а родена од мајката Македонка. Македонците како божји деца и Господари - Владетели на земјата, учествуваат рамноправно со нивниот татко во создавањето на рајот - Македонија. Што значи божеството не суштествува само за себе. Бог не е сам во вселената, тој е заедно со мајка ЕЛЕНА. Богот не е создател на сè од ништо, создател на сè

[28] Дешифриран текст:„Крескај се“ Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани близу до Скопје 7.000 – 6.000 г.м.е.п.п.хр. стр. 99.

од ништо е МАЈКАТА, заедно со божјата семенка во која се наоѓа божјиот дух Македон. Доказ дека еднакви партнери во создавањето на светот се Богот ИЛИ – ИЛ и Господарите - Владетели Македонци, се и македонските легенди во кои се раскажува за создавањето на светот во партнерски однос на Богот и ѓаволот[29]. Всушност, тие легенди се однесуваат на партнерскиот однос помеѓу таткото и неговите синови Господари - Владетели Македонци. Се поставува прашањето зошто во легендата за создавање на светот, Господари - Владетели Македонци се заменуваат со ЃАВОЛ? Одговорот е едноставен, а тоа е систематското уништување на македонската вера и култура од појавата на христијанството и католичката црква, па сè до денес од сопствените одродени Македонци. Христијанското учење создадено од самите Македонци се темели на исти или извртени факти од македонската вера. Долгогодишното влијание на христијанството, Господарите - Владетели Македонци како учесници во создавањето на светот ги претворило во ѓаволи. Иронијата да е поголема, ѓаволот е претставен со рогови. А роговите, како роговите на бикот (прикажан на цртежите во пештерите), ја претставуваат божествената оплодувачка моќ на Богот ИЛИ - ИЛ што претставува „УРИНАР“[30] или сончев зрак или машки оплодувачки божји принцип.




Сл. 13 „Зета Македониа“ Големата Зета Прекуокеански ЦУТ- НЕВАДА, пред 16.500 – 12.400.

Еве еден пример. На илустрацијата користен е еден од симболите, кој се среќава на повеќе археолошки локалитети и предмети ширум светот, со изминат временски период од 400.000 г. Овој симбол претставува космогониско – космолошки запис. Дешифриран и транскрибиран на современ македонски јазик гласи: „СО ИЛ ЛИ – ПРОЛИ, ИСТУРИ СО ИЛ‘С ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН“[31]. Полукружната линија го претставува небескиот свод, за време на ситниот пролетен дожд, кога духот божји Македон преку виножитото – ѕуницата или аѕил’к, се спушта во Македонија - рајот. Буквата „Л“ претставува триаголник или пирамида на Сонцето. Тоа е енергетско тело за собирање на духот божји, како кондензатор. Енергијата собрана, во еден момент се емитува кон земјата во ВЕРТИКАЛА, како ласер или машки принцип[32] влегувајќи во пирамидата МА на АР или АР на МА како буква „И“ што значи бесконечност. Во дешифрираниот и транскрибиран текст на македонски јазик, недвосмислено се гледа молба од Господарите - Владетели Македонци до Богот Сонце ИЛИ – ИЛ да „пролие или истури“ дожд во вид на ситна роса, а потоа да „пролие и истури“ сончеви зраци со духот божји Македон, за да ја оплоди божјата МАДОН.

[29] Ермис Лафазановски „Македонските космогониски легенди“ стр.27, предземено од Charles Long. 1963 стр.
[30] Дешифриран текст: **„С‘БРНО“** Павлов, Чешка, 29.000 – 25.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 192.
[31] Детално разработен и дешифриран натпис на стр. 338.
[32] Наска, Перу пред 77.000 г. види стр. 314.; Дешифриран текст:„Зет АЈОН“ Мегалит од Холич – Словачка 34.000 – 8.000 г.м.е.п.х, стр.190

Сл.14 ПРИМЕРИ НА БУКВИ КАКО СОНЧЕВИ ЗРАЦИ:







Сл. 14/1 **„ЦУТ“ Кратово** Гравир од село Крилатица, место Пашкуљ, Македониа, 32.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Сл. 14/2 Лепенски Вир Iа, 11.000 – 5.300 г.мак.е.пред.п.христ. Македонски полуостров (денешна Србија),






Сл. 14/3 Наска Перу, 75.000 г.мак.е.пред.п.христ.[33]

Сл. 14/4 „Наша Македониа“ Maine SAD, 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.[34]





Сл. 14/5 “**До отецот твој“**

Patne OES - Јужна Азија,
130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.[36]

Сл. 14/6 „Компјутерски чип“ Бломбос, Јужна Африка, 75.000 г.[35]

---

[33] Наска, Перу, бр.6/7, види стр. 323.
[34] Види стр. бр. 349.
[35] Види стр. бр. 370.
[36] Види стр. бр. 258.

## ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА СОЗДАВАЊЕТО И КОНТИНУИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА



## II.4 БОГ СОНЦЕ ИЛИ, ИЛЕ СО БОЖЈИТЕ ЗРАЦИ ИЛ, И ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН КУЛТ КОН СОНЦЕТО И КОСМОСОТ

Значајноста на ова верување е огромна за разбирање на целиот верски концепт на македонската цивилизација. Македонецот развива силно чувство кон Сонцето поради неговата моќ за создавање на **светлост, топлина, душа и писмо**. За Македонците, сонцето е единствено божество, а целата материја во макро и микрокосмосот е божја, исполнета со божјиот дух Македон. Затоа Македонците уште од времето кога станале свесни (слово-свесни, словесни), за својот постанок и егзистенција, на Сонцето му припишуваат божествен карактер, т.е. самото Сонце е Бог, двигател, прапочеток и праизвор на животот, извор на духот божји Македон, **бог на небото и обожествените Македонци на земјата.**

**Сонцето** како најважна и најзначајна појава, во македонската вера се именува како **Бог ИЛИ, ИЛЕ**, **ИЉО, Зет, Тешт**, а неговите зраци се именуваат со **носителот на духот божји Македон –** „З“ зрак**,** „S“ поглед – молња и сончев зрак наречен **ИЛ**.

За полесно разбирање од пошироките народни маси, направена е персонификација на Сонцето, и низ дешифрираните текстови се среќаваат претстави на: јајце[37], орел[38], ластовица[39], лебед, коњ[40], коњаник[41], елен[42], лав[43], оган, бик, бизон[44], буквите „О“ и „А“ и лигатурата „日“[45] (Овој источно-азиски симбол, подарен од Македонците, како лигатура, толкуван и прочитан на македонски јазик гласи: „ИЛИ во од востани“.)

Сончевиот зрак ИЛ како „ОС“ како поим, како “светлост” оформена со букви[46] се персонифицира со: машкиот принцип[47], буквата „I“ („И“) и буквата „Л“, цифрата „1“ ( еден со значење = СЕ РАЗДЕНИЛО), пламени јазици, килим, стрелка и македонска лигатура, која се користи до денес во Кина.






Сл. 15 Кинески симбол за светлина. Дешифриран на македонски јазик значи: „Со појавата на утот умира темнината а се раѓа светлината. Светлино ти летај, сијај и пролевај - оплодувај.“

Со величествените светлосни зраци, кои го носат божјиот дух наречен Македон, сѐ е осветлено, сѐ е видено, подарено, пролиено, оплодено, на **ѕе**мјата РАЈОТ.

Боите на цутот се среќаваат кај тихиот пролетен дожд, наречен роса. Осветлен од сончевите зраци, се појавува виножито или аѕил’к (со значење божји поглед низ лакот и лачот –

[37] Дешифриран текст: „О!!! Мил на ИЛ“ Шарков рид – Св.Николе, Македонија 400.000 – 12.000 г.мак.е.п.п.х. стр. 84.

[38] Дешифриран текст: „Орелски канџи‘‘ Combe Grenal, Франција, 90.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 247.

[39] Дешифриран текст: „Срамежлива божја МА“, пештера Lene Hara – Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.

[40] Дешифриран текст: „Ита ал ИЛС“ Зета Македониа Нанија Пеш.Portel или Crampagna (Loubens, Ariège) Франција 12.600 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 236.

[41] Дешифриран текст: „Зету Шуману“ Македонија стр. 88.

[42] Дешифриран текст: „Симо Запо е ВСЕЛЕН“ LASCAUX Франција, 15.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 215.

[43] Дешифриран текст: „Тешту востани“ Пештера Vogelherd Зета Мадонија ( југозападна Германија) 40.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 186.

[44] Дешифриран текст „Свето тројство“, Пештера LASCAUX, Дордоња, Зета Македониа Нанија (денес таканаречена Франција), 15.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 212.

[45] Види стр. бр. 259.

[46] Дешифриран текст „ Дух божји Македон - Сказалка на времето“ Билзингслебен, Германија, пред 400.000 г. стр.185, Дешифриран текст „Порака за сонцето - дух Божји“ Pestillac, Франција 13.000 – 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 233.

[47] Дешифриран текст „ Машкиот принцип на Богот ИЛ “ Наска, Перу 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 314; Дешифриран текст „Зет АЈОН“ Мегалит од Холич – Словачка 32.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 187; „Свето тројство со четири годишни периоди“Македонски вез, Етнолошки музеј Скопје – Македониа, стр. 138.

росата), божилак, ѕуница. И во тој случај сончевиот зрак ИЛ заедно со духот Македон **прави поглед низ лакот на виножитото како БОЖЈО ОКО, на пат кон РАЈОТ, наречен Македонија, за вечен живот.** Според мислењето на Македонците, може да се отплови со сончевите зраци и кон другите сонца[48]. Тие претставуваат делови од Богот Сонце ИЛИ – ИЛЕ. Тоа е кругот на еленот и неговата вселенска спирала, кон која се движат душите заедно со духот божји Македон. Во центарот на спиралата душата се размножува, во поголем број се враќа назад на земјата, во вид на вселенски прав и заедно со росата влегува во усните на Мадон пролетна.

Верскиот концепт на верувањето во Сонцето и Космосот, може да се согледа преку народните празници и обичаи, обредните практики за време на зимската краткодневица[49] и летната долгодневица[50], како и пролетната[51] и есенската рамноденица[52]. Овие четири клучни годишни точки, кои се одредени од положбата на земјата, и кои се совпаѓаат со најголемите празнувања во чест на Богот Сонце, подоцна ќе бидат прифатени од христијанството.

Во животот на нашиот човек посебно значајно место има празникот Вартоломеј, кај народот познат како Вртолом. Во народот се смета дека овој ден е поврзан со вртењето на Сонцето, што се празнува на 24-ти јуни според новиот, односно на 11-ти јуни според претходниот календар. Овој ден народот го поврзува со вртењето на Сонцето кон зима. Во Охридско како што запишал Е. Спространов, Свети Вартоломеј бил познат како Вртолом, и од тој ден Сонцето се вртело кон зима и за тоа многу жалело. Го вртеле дванаесетте апостоли, и тие исто така, многу жалеле зошто се завртувало кон зима.

Во Радовиш, овој ден се сметал за тежок празник зошто од тој ден Сонцето се завртува кон „зима”. Во овој крај, луѓето станувале рано за да го видат Сонцето како ќе изгрее, ќе се затемни и ќе се заврти. Се завртувало еднаш на едната, а потоа на другата страна. Овде на овој ден и овчарите одредувале какво ќе биде времето. Го посматрале времето 12 часа и секој час одговарал на еден месец во годината. Поискусните овчари знаеле да ги бележат не само Сонцето, туку и ветерот од каде дува и со која силина, колку на небото има облаци и со која боја се и каде се движат, дали Сонцето пече силно или послабо и по овие знаци погодувале какво ќе биде времето во секој месец, каква ќе биде зимата, какво летото и другите годишни времиња[53]. Кузман Шапкарев запишал дека на Вртолом не се работело зашто се вртеле небото и Сонцето, па можело да има виулици. Очигледно една природна појава што имала значење во животот на нашиот човек, била причина за мешање на некои христијански елементи со првичната народна култура[54].

Божиќ, на пример, спаѓа во зимскиот циклус празници, кои почнуваат со зимската краткодневица (22-ри декември), а завршуваат со пролетната рамноденица (21-ви март). Кога во историскиот период на македонската цивилизација се празнувало раѓањето на “новото Сонце” и почетокот на зголемувањето на денот, се принесувале жртви, се одржувале многу обреди со песни и игри, за да се „помогне“ при раѓањето на Сонцето и зголемувањето на денот и реинкарнацијата која следи, значи сите обредни церемонии доследни за едно врховно и единствено божество[55]. Со обичаите се навестувало и доаѓањето на новата година, која се пречекувала некаде токму на зимската краткодневица, кога почнува зголемувањето на денот.

На безбројните свети планински врвови, пирамиди и набљудувачници ширум светот, божјиот светлосен зрак ИЛ, заедно со божјиот дух Македон, озарува, осијува, им подарува плодност на младите девојки - Божјите Кокинки[56], коишто ја претставуваат персонифицираната божја земја МАДОН. Тој подарува господарство на одбраниот владетел или ЗЕТ, наречен Господ Македон. Тоа се случува со првиот светлосен зрак на ден 21-ви март (пролетната рамноденица), пред насоб-раниот народ, великодостојниците и свештеникот ЛУНАР, кумот и старосватот.

---

[48] Дешифриран текст „Низ ѕѕил’к од Сонцето кон ѕемјата“ Префектура Пиерија - Равенија Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 103

[49] Објаснето поопширно во делот “Зимската краткодневица, новото раѓање на Сонцето”, стр. 62.

[50] Поопширно во “Македонски празнувања...“, стр. 59

[51] Поопширно во “Македонски празнувања...“, стр. 59

[52] Дешифриран текст „Орфеј свирачот–ноќен ловец“,Франција 13.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 218

[53] http://www.ohridnews.com/vesti/56903, пристапено на 28.04.2015.

[54] http://www.mn.mk/kultura/7918-Praznik-na-svetite-Vartolomej-i-Varnava-Vrtolum, пристапено на 28.04.2015.

[55] Дешифриран текст „ Дух божји Македон - Сказалка на времето“ Билзингслебен, Германија, пред 400.000 г. стр.186; Дешифриран текст „Орфеј“ Гравир на камен во близина на градот Astorga, (провинција Леон, Шпанија) 32.000 – 800 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 251.

[56] Дешифриран текст „Столот на божјата Кокина“ набљудувачница Кокино, Македониа, пред 400.000 – 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 82.

Избирањето на владетелот – Зет било свет чин, во кој самиот Бог Сонцето ИЛИ, потпомогнат од зраците ИЛ, носејќи го духот Македон, со првиот сончев зрак, го прогласува својот претставник на земјата – ЗЕТОТ. **Зетот претставува персонификација на божјиот дух Македон.** Зборот ЗЕТ е соста-вен од два збора „Зе“ или „Ѕе“ со значење поглед и „Т“ кратенка од татко. Значи зборот ЗЕТ значи ПОГЛЕД НА ТАТКОТО со кој ја оплодува невестата. Новопрогласениот Зет за Господ Македон, просветлен и прогласен за Господ од Богот ИЛИ – ИЛЕ - ИЉО, ги изговара следните свети зборови: **„Законите космички со желбите човечки за бесконечната вселена, дојден е часот измеѓу Богот и Мајката, за љубовен влез во пролетта. ИЛЕ лие, гали, ѕ‘ни ЕХ...За сто лу-ни“.** А, народот одговара: „**ИЛ ОХ...Синот божји е со нас“**. Синот божји преставува дух божји Македон. Изреката: „ЅНИ ЕХ...ЗА СТО ЛУНИ, ИЛ ОХ“. Кореспондира на денешната изрека „ЗА МНОГУ ГОДИНИ“.

Да споменеме веднаш, македонскиот град СОЛУН, своето име го добил како градот на Сонцето – СОЛ - УН. Името Солун токму тоа значи: С‘Л‘НЦЕ – Сонце.

Култот кон Сонцето, секако може да се поврзе со култот кон огнот, поаѓајќи од фактот дека и во денешно време се среќаваат верувања, според кои Сонцето преставувало голем пламен од оган на небото. Огнот е извор на топлина и светлост, и е неопходен за животот на човекот. „Огнот и огништето се и во функција на симбол на животот на семејството, огништето е место каде што се одвива целокупниот семеен и општествен живот. Палењето на огнови во некои празнични денови е симболично претставување на Сонцето”[57]. Покрај другите функции на огнот, тој прочистува, а светлоста - просветлува. Кај македонскиот народ кој живеел низ цела Зета Македонија Европа, најважните празници се зимската краткодневица и летната долгодневица, пролетната и есенската рамноденица. За овие празници се палел ритуален оган наречен „кријесови“ или „крешт - крескање“,[58] се пееле македонски песни и играло македонско оро околу огнот. Католичката црква овие македонски обичаи ги забранува, ги прогласува за пагански, нарекувајќи ги игрите и песните ѓаволски. Како голем неуспех на католичката црква, да ги искорени овие празници, ги поврзува со Бадникови празници, и раѓање на Св. Јован Крстител.



Сл. 16 Македонски култ кон огнот.



Сл. 17 Македонски култ кон огнот.




Сл. 18 Кинески симбол за оган.

Еден пример од древниот македонски верски зборник за поистоветување на огнот со Сонцето. На македонскиот симбол за оган, кој се користи во Кина, со словата ЦУТНИ (кирилица и латиница), пишува ИЛИ – ИЛ = со значење оган.

Во денешниот современ македонски „ИЛИ” е еден од приредувачките сврзници, што уште еднаш посочува на светоста на самиот збор, бидејќи сврзниккот исто како и Бог сврзува обединува, соединува, спојува. Тој е задолжен да создаде единство, да здружи и поврзе во некаква целина.Токму и затоа, ние не го користиме така случајно како „сврзник”.

[57] Танас Вражиновски, Матица Македонска, „Македонска народна митологија“,Скопје 2002, стр. 71
[58] Дешифриран текст „Крескај се“ Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. Македонија, стр. 99.

## II.5. БОЖЈА МА И ФАЗИТЕ НА НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ; КОНЦЕПТОТ ЗА МАКЕДОНИЈА РАЈОТ

Богот ИЛИ/ИЛЕ и божјата МА – МАДОН [59] се неизбежен дел од една целина, од една митска приказна. Тие взаемно ја оформуваат целосната слика на верскиот концепт на македонската цивилизација од периодот, кога се создава гласот, буквата и првите пишани материјални остатоци, и сликовитото претставување за светот што не опкружувал преку цртеж-лигатури и симболи.

Ниеден од нив не може самостојно да се третира, притоа исклучувајќи го другиот. Нивната взаемна врска или **свет космички брак**, жилаво и нужно се провлекува правејќи едно цело. Од ова произлегува сето натамошно расудување.

Како што веќе е спомнато, почетокот на животот во универзумот започнува кога Големата Мајка на ВОСКРЕСЕНИЕТО го раѓа божјиот поглед „SE“ пред 13 до 15 милијарди години. Божјиот погледот „SE“, во вид на SВЕЗДИ (sвезда = божјо око), како капки роса, „орос“, „оплод“, божја семенка, се вселува, во бесконечните усни на мајката ЕЛЕНА. Тој простор сè уште се оплодува – шири, се раѓа ВСЕЛЕНАТА. Во новоформираната ВСЕЛЕНА, божјиот поглед „SE“ формира распоред - КОСМОС. Космосот претставува сплет од еден комуникациски систем меѓу сите sвезди во вселената. Комуникацијата се одвива со молњи. Мајката Елена, оплодена од „SE“, околу секоја SВЕЗДА раѓа по една или повеќе **SE**МЈИ. Таков е случајот со делот од божеството „SE“ наречено ИЛИ – ИЛ, кое околу својата „ОС“ ја има сопствената sемја МАРИЧКА, која е прирзана кон Сонцето и кружи по божји пат ВРЕМЕ, наречен ГОДИНА, вртејќи се околу сопствена оска. Земјата „галена“ од Богот ИЛИ - ИЛ, во одреден изминат временски период, прераснува во МАДОН, кога се раѓаат првите души пред 3,5 милијарди години. Во овој временски период, Земјата Мадон е господарка на водите и копното. Таа е млада, здрава, стројна и силна жена, горда на својата моќ. Во македонската верска приказна, оваа фаза на Земјата е наречена Амаsонка (Амазонка), давајќи и на македонската жена натприродна моќ како воин. Повторно „галена“ од ИЛИ – ИЛ, сè до 470 – 208 милиони години, пристига од вселената првата молња SE заедно со духот божји Македон, кога Мадон ќе биде оплодена и ќе прерасне во МАДОНКА – МАSОН со значење: словото „А”- Бог ќе ја оплоди својата невеста „МА” со погледот „S” и ќе се роди „ОН” – Македон. Повторно галена од ИЛИ – ИЛ се претвора во Македонка во раст, се раѓаат првите билки и животни на чело со човекот, божјата sемја се претвора во МАЈКА родилка и заштитничка. На таа земја сè се **оплодува**, сè се **раѓа,** но и сè **умира** и се враќа кон Сонцето како енергија. Тоа е тројниот аспект на божјата МА. Во истиот момент се раѓа рајот на земјата наречен Македонија, а човекот во таа земја Господарот – Господ Македон. Значи, развојните фази на Sемјата, сфатени во рамките на земскиот живот, им го прикажале на Македонците патот до рајот.

Како се стигнува до рајот? Смртта за Обожествениот Македонец не претставувала несакан и тажен настан, туку била очекувана како нормален чин, со чувство на радост. Обожествениот Македонец, по смртта, го ставале на клада, како ритуален чин, при што неговото тело, исто како и душата, се качуваат на пламените јазици, кои се симбол на сончевите зраци[60]. Гревовите изгорени, душата чиста, осветлена, просветлена, почнува да свети како сончев зрак, дух божји Македон се качува на Сонцето, а од Сонцето патува кон центарот на спиралата (галаксија) - рајот во вселената. Со ноќните молитви, со БАЕЊЕ взори**,** со мугри, пристига утката[61], за да ја однесе душата на ноќта. Врз основа на смртта ќе се роди нов живот, нов ден. Преку ноќта, целиот жив свет на земјата се наросува со умножените души од спиралата. Росата е „оплод“ или божјо семе. Со првиот сончев зрак ИЛ, кој поминува низ капките роса, пристига духот божји Македон во илјадници бои на цутот. Сега ЗЕМЈАТА МАДОН ПРОЛЕТНА е оплодена како МАДОН-

---

[59] Дешифриран текст: „Точката на Божја Ма“ локалитет „Пилово“ Кочанско 3.500 до 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.122; „Божја МА и Македонија“ Караново, Бугарија, 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.112; „Божја МА”Сардинија“, неолит пред 4.000 г.мак.е.пред.п.христ. 249 стр.; „М’дон прима“ Танум, Западна Шведска, 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 200.

[60] Дешифриран текст: „Крескај се“ Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. Македонија, стр. 99.

[61] Прочитај повеќе во делот „Верувањето за утката“ стр. 58.

КА. Галена од Сонцето ИЛИ, преку сончевите зраци ИЛ, во месеците во род оплодената Мадонка ќе биде Македонка во раст и, на крајот, Мајка родилка и заштитничка на куќата, создавач на рајот. Таа го раѓа изобилството на храна и вино, РАЈОТ на земјата - Македонија. Тоа е вечниот живот на душата од земјата кон Сонцето и од Сонцето во РАЈОТ. Тоа е циклично реинкарнирана душа на обожествените Македонци. Тоа е **ОС**КА на вселенското движење.

Овие развојни фази на земјата се јавуваат циклично секоја нова година и истиот развоен циклус го имаме кај Господарите - Владетели Македонци со процесот на раѓањето, созревањето, оплодувањето, со раѓањето на нов живот и умирањето со резултат - реинкарнација.

„Персонификацијата пак, на Божицата МА во претставата на жена не е ни малку случајна. Жената отсекогаш била заштитничка на биолошката репродукција, само што во овој случај тоа е како продолжување на духовната димензија, поврзана со верувањата, претставувајќи ни концепција на еден сегмент од спиритуалниот живот на човекот од дамнешните времиња. Тоа довело до развивање на своевиден култ кон божјата МА, Големата Мајка, прародителка, прамајка на сите земски творби. Таа ги лачи **плодноста, раѓањето, изобилието и благосостојбата**, но и покрај тоа има и творечка моќ, т.е се појавува и како **креатор и одгледувач** на животот, извор на сè. Во себе ги спојува култовите кон земјата, култот кон водата, култот кон растенијата, култот кон животните, култот кон природните елементи, култот кон мртвите и сл.[62]“

„Познатите скулптури, таканаречени жртвеници, кои заедно со пишаните споменици пронајдени низ целиот свет, се доказ дека култот кон божјата МА бил широко распространет. „Во Македонија се пронајдени жртвеници во четири региони: Пелагонија, Скопската Котлина, Полог, а низ сосема мали фрагменти и во Овче Поле. Дословното семиотичко толкување на неолитските жртвеници покажува најнепосредно изедначување со **куќата**. Неолитските жртвеници од типот **мајка - куќа** не се исклучок, туку општа појава, присутна и во други епохи и региони. Се прикажува персонализираната куќа, односно куќата сфатена како живо суштество, кое ги овоплотува во себе специфичните женски функции на живеалиштето, изедначено со матката. Куќата, како и мајката, ги раѓа, исхранува, чува и ги заштитува своите станари, исто како што тоа го прави мајката во однос на своите деца. Со голем степен на сигурност може да се претпостави дека оваа симболичка структура на македонските жртвеници, била интегрирана во некаков митски лик со нижи (демонистички) или виши (теистички) обележја, обвиен со разработен култ, односно почитување, верувања, митови и обреди[63].“ За неа, освен теракотните фигури – жртвеници, се посветени и светилишта, храмови, пишани извори и стихови во вид на симболични митски претстави, глинени садови, како и значењето на самите таканаречени орнаменти на килимите и везовите, од богатото Македонско и светско фолклорно наследство.[64]




Сл. 19 Кинески симбол за мајка, со скриена порака: „ИЛ востани ’Илиос’ - Сонцето со машкиот принцип - молњата да ја оплоди божјата ’Ма’ од XXI до XXI-ви, а по породувањето создавајќи го ројот ќе биде тешта.“

Како што е споменато, Македонците пишувале со лигатури, на мал простор да се напише голем текст, како на пример „ 母“ на кинески се чита како **Mŭ** = МУу што значи мајка. Мајката како тешта со вперен поглед кон Сонцето да востане – изгрее, да биде оплодена со „ОС“ (машки принцип на Сонцето) во времето од XXI-ви март до XXI-јуни со нејзината оска на движење.

62 Нешка Николова, „Култот на големата Мајка“, Македоника литера, Скопје 2011, стр. 11.

63 Никос Чаусидис „Жената како персонификација на просторот за живеење од неолитот до современиот фолклор“, Факултет за драмски уметности, Скопје 2007г. Стр. 47

64 Дешифриран текст: „ Божја МА“ Македонски килим, Етнолошки музеј - Скопје – Македонија стр. 131.; Утот и пролетта“ Македонски килим Етнолошки музеј Скопје – Македониа. стр. 135;

## II.6. МЕСЕЧИНА - ЛУНА

Месечината е небеско тело, природен сателит на Божјата МА, ноќен временски фенер. Светлината, како еден од основните природни елементи, има силно влијание и врз лингвистичката конструкција на зборовите: Луна, Месечина и светлина. Оттука Одисеј Белчевски во едно свое интервју[65] ни го објаснува следното: „На древен македонски јазик **свити** значи да свети. Тоа е основен поим. Оттаму, тој концепт го развива - **види**. Ако Сонцето зајде, не може да се гледа. Тоа е многу обична опсервација. Тоа не може никој да го побие, нема начин, зашто се работи за природен закон. Од **свити** иде **види**, зашто „т“ лесно преоѓа во „д“. Позната е народната изрека колку и да гледаш, не можеш да видиш. Во Хомеровите поеми за зеницата на окото се вели „гле“... Латините, Италијанците на пр. бараат етимологија на зборот луна... и не можат да најдат! Во украинскиот јазик се среќава зборот луна, лина... „У“ преоѓа во „и“. Значењето е **линеење на светлината.** Имаме светлост од Сонцето, кое не можеме да го видиме, односно ако гледаме во него ќе ослепиме. А, знаеле старите дека светлината на Месечината е рефлексија, одблесок од нешто. Луна значи **намалена светлина** – свет-лина. Сонцето го произведува тој поим, но тоа може да те изгори. Тоа е сила (сија) која создава живот, а тоа што се одбива е зборот **лина/луна,** кој латинскиот јазик го добива преку античкиот македонски јазик. Македонците на север - Русите немаат друг поим за Месечина, за разлика од Македонците на југот, што е уште еден доказ дека основата на јазикот е од овие простори. Првото име за Месечината на древен македонски е **мена** - менување на Месечината. Лингвистите сто години се борат да ги објаснат зборовите менс и менструација. Јас тргнувам од македонскиот јазик мена - Месечината што се менува. Нејзиното менување е физички, природен закон. На секои 28 дена, циклусот се повторува. Таа е првото мерило за времето. Оттаму доаѓа и времето“.

Сонцето, покрај другото, е извор на светлост и топлина. Месечината е огледало на Сонцето, на неговата светлост без топлина. Месечината, како појава, е студена или есенска светлина.

Лигатура за одбележување на Месечина во Кина е: 月=(се изговара УЕ, лигатурата прочитана со азбуките цутни гласи: ЛУНА ЈАС).




Сл. 20 Кинески симбол за месечина, разложен со словарница цутна може да се прочита: „ЛУНА ЈАС“.

Месечината, како извор на верувања и митови, одиграла важна улога меѓу космичките појави. Таа се јавува како слугинка на Сонцето или владетел на ноќта, мракот и смртта. Со тоа Месечината е во опозиција со Сонцето, кое владее со денот и со светлоста. Во народните определувања во однос на именувањето на Месечината, кога таа се појавува и започнува да расте, се вика: новина, Нова Месечина, млад месец, ново видело. Кога се исполнува се вика – прва четврт, и Полна Месечина а кога пак се намалува – се вика погибеж или се расипува.

[65] Одисеј Белчевски – Интервју Битола 2007 by VojnikMs http://www.erepublik.com/en/article/-1-1950914/1/20, пристапено на 28.04.2015.




Сл. 21 Месечеви мени.

Трите месечеви мени се поистоветуваат со трите лица на големата МА: живот – смрт – обнова. Под сè ова, Нешка Николова во своето дело за Големата Мајка, лунарната вера или симболика ја поврзува со женскиот принцип. Месечината, секој месец, исчезнува три ноќи, за повторно да се појави, да почне да расте, како Нова или Млада Месечина, да се исполнува, како Полна Месечина (полнеж), и да исчезнува, како гинеж (погибеж, расип). Односно „Месечината сама по себе го симболизира митот за плодноста, но и митот за смртта и воскреснувањето. Логично е што цикличното сменување на вегетативните ритми, (изумирањето на природата и нејзиното повторно раѓање) човекот ги поврзувал првенствено со Месечината и месечевите ритми, подразбира тотално интегрирање на лунарната симболика во космогонискиот систем на разновидни реалитети како вегетацијата, змијата, земјата и плодноста, жената, смртта и повторното раѓање. Луѓето верувале дека од месечевите фази зависеле дождовите, со што и развојот на целокупната вегетацијата, па, токму затоа, на Месечината се гледа како на извор на плодноста, која имала влијание врз размножувањето на живиот свет“.[66]

Во дешифрираните текстови, Месечината ја среќаваме под името Луна,[67] а Македонците го мереле времето според промените на Месечината и нејзините фази, како универзална мерка за времето. Човекот што раководел со набљудувачницата за мерење на времето, како на пример Кокино, или справите со кои го мерел времето се викал ЛУНАР[68]. Се сретнува и точното пресметување на затемнувањето на Месечината, периодот кога Сонцето, Земјата и Месечината ќе се наредат на иста линија, и всушност, Земјата застанува на патот на светлоста од Сонцето, попречувајќи ја да ја осветли Месечината, а црвеникавата боја околу Месечината, е резултат на честичките вселенски прав, кои се всушност умножените души во центарот на спиралата (галаксијата), на пат кон земјата, кои се спуштаат во Земјината атмосфера заедно со капките роса.[69]

Низ дешифрираните текстови се согледува способноста на македонскиот народ да го определи времето, често користејќи ја цифрата XXI за означување на временските периоди, но и симболични параметри. Тоа е крајот на третата четвртина XXI-ви во месецот. Месечината поминува низ четири фази: Млада Месечина (кога не може да се види на небото), прва четвртина (околу шест дена по Младата Месечина), Полна Месечина (кога на небото се гледа како полн круг) и последна четвртина. Последната четвртина од месецот започнува од XXI-от ден, а исто толку трае и процесот на регенерација на клетките во човековиот организам.

Животот на луѓето им зависел од светлоста, а Месечината е битен фактор за одредување на временските периоди, кога месечевата светлина ќе се појави. Првиот начин на мерење на времето кај Македонците е мерење со Месечината и нејзините мени.

---

66 Нешка Николова „Култот на големата Мајка“, Македоника литера, Скопје 2011, стр. 62, 63.

67 Дешифриран текст: .„Со луна“ Ла Марше, Зета Македониа Нанија, (денес наречена Франција) 14.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 229; „Цут“ Бело сликан цртеж - лигатура 4.480 и 4.250 г.мак.е.пред.п.христ. Велушка тумба – Пелагониски регион, ран неолит - Македонија. стр. 117.

68 Дешифриран текст: „Зет АЈОН“ Мегалит од Холич - Словачка 32.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 188.

69 Дешифриран текст: „Помрачување на Сонцето и Месечината“ Dowth - Ирска 5.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 254.

Според древната македонска вера, Месечината играла важна улога во создавањето на светот. Погоре рековме дека основа на македонската вера е Сонцето, и молњите, кои се во функција на Господарите - Владетели Македонци за пренос на нивните души кон Македонија - рајот на земјата и Македонија - рајот во вселената. Во времето на ноќта, Сонцето емитува светлосни зраци, кои патуваат во вселената со духот божји Македон, кои ние не ги гледаме. На нивниот пат се испречува Месечината, сончевата топлина ја впива, но сончевиот зрак со духот божји Македон го праќа на земјата во вид на утринска роса, орос, оплод. Оваа особина на Месечината се јавува во дешифриран текст од Зета Македонија Нанија[70]. Со појавата на првиот сончев зрак во секоја капка роса се создава виножито кој претставува пат до земниот рај.

## II.7. БОЖЈИОТ ДОН, ДУХОТ МАКЕДОН И БОЖЈИОТ ПОСЕЈДОН И СИНОВИТЕ ГОСПОДАРИ - ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ

Зборот Дон од минатото па се до денешни дни има повеќе значења. Дон е со значење Господар – донатор на божја семенка, мајка во пролетта Мадон – девица, која е и донатор на вкупната жива природа на земјата, во која се наоѓа и синот божји Македон; длабока река, како на пример Тихи Дон река во Русија; Дон е и ниска земја покрај река.

Дон во древното македонско верување е и синоним за **цут,**[71] а цутот е синоним за пролетта и будењето на природата. Цутот се создава кога Бог Сонце ИЛИ, со своите зраци ИЛ, на ден XXI-ви март, пристигнува преку пирамидата на земјата АР на МА. Со сончевиот зрак, како поглед „S" наречен ИЛ, пристигнува и **божјиот ДУХ Македон**. Пролетта ДОН претставува плод во зародиш, потенцијален плод, нешто што допрва ќе проникне, односно земјата ќе биде „пролеана" со жив свет. Оттука, Дон, сега вдахнат со духот Македон, го претставува целиот жив свет на земјата НАРЕЧЕН „ИС" – „ИСУС" („ИС" = новороденче), односно создавач на земскиот живот, РАЈОТ, „гален'' од Сонцето во текот на трите летни месеци во род.

Зборот Македон е составен од три збора „мак" или „маак" што значи „МА" = мајка и „МААК" = зрно од афион. Зрното од афион е метафора на божјо семе кои ќе ја оплодат мајката „МА" со нејзиниот ЦУТ или ДОН – пролетта. Маакот е создаден од афионот. Афионовата чушка претставува нектар, сок, капка опивка[72]. Од ова произлегува дека афионовата чушка е всушност, опивката на пролетта ДОН цутот, тоа е **опивка за „МА" за да биде оплодена од божјиот дух Македон - божјо семе, кое пристига од Сонцето како маакови зрна, капки роса. МАКЕДОН Е ДРОГА ЗА „МА", ОПИВКА НА ПРОЛЕТТА - ЦУТОТ, МАГИЈА, ПРЕРОДБА ОД МРТВО ВО ЖИВО, РЕИНКАРНАЦИЈА НА БОГОЧОВЕКОТ МАКЕДОНЕЦ**. Зборот Македон може да се толкува и на следниот начин. МА значи М'А, МОА или МОЈА; КЕ значи мајка (Кева – македонско женско име), и Дон пролет. Оттаму и Македонија, збор анализиран и толкуван од безброј аналитичари-патриоти и сите тие анализи се помалку или повеќе исправни. МА = значи и М'А или МОА-МОЈА. Ке = значи кеф, КЕ значи и мајка (кева). ДОН = значи донатор, ниска земја или пролет. Значи ЗЕТА МАКЕДОНИЈА го има своето значење, а тоа е: **Со мојот поглед како татко и мојот ќеф, на мајката КЕ да донирам божја семенка во ДОН како пролет или ниска земја, по течението на реките.**

Нашиот Македонски Бог – татко СОНЦЕТО ИЛИ со својот прв сончев зрак кој претставува дух божји Македон од стариот Тешт, на ден XXI – ви март наречен „S"–„SE" го осветлува, го просветлува и го ОБОЖЕСТВУВА –СВЕТЛИОТ ТАТКО и божеството на Sемјата наречен ЗЕТ,

[70] Дешифриран текст: „Со Луна" Ла Марше, Зета Македонија Наниа, (денес наречена Франција) 14.000 г.мак.е.п.п.христ. стр. 229.

[71] Дешифриран текст: „ЦУТ" Кратово, Гравир од село Крилатица, Македонија 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.90; „Цут" Бело сликан цртеж-лигатура 4.480 и 4.250 г.мак.е.пред.п.христ. Велушка тумба – Пелагониски регион, ран неолит - Македонија, стр. 117.

[72] Дешифриран текст: „Орфеј со цутот" Зета Македонија Пиринејска планина de Prades – Montblanc Каталонија – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 252.

односно „SET“– БОЖЕСТВО на земјата и владетел а неговата територија „SETA“, збор кој поседува божествен карактер, како што и наведов, тоа е ТАТКОВИОТ ПОГЛЕД. Ѕетот е маж на невестата, всушност „НОВВЕСТА“ или „НОВАШТА“. Новвестата како персонификација на ѕемјата, Ѕетот со својот поглед ја оплодува со својата молња „SE“ како машки принцип и на тој начин симболично Ѕемјата ќе роди голем род. Од тој момент невестата е НОВА ТЕШТА. Ѕетот кој го пренесува божјиот дух Македон е всушност МАКЕДОНСКИОТ ГЕН сокриен во ликот на ХЕРМЕС.



Сл. 22 **„Македон“** Дух божји Македон отелотворен во фигурина на владетелот Господар Господ на Земјата - Македонец. Церје – Говрлево близу до Скопје 7.000 – 6.000 г. мак. ера пред појавата на христ, Македонија.[73]

МАКЕДОН во поновата македонската вера претставува јунак и син на Ѕеус, а според други бил син на ДОН, ДИОН. Оттука, произлегува именувањето на човекот Господар – Господ Македон - Македонец или Господарите - Владетели Македонци со место на живеење во Македонија.

Постојат и други толкувања за нашето име. Тоа било од низини, од дно меѓу планини и пак се поврзува со името Маке - дон, Посеј - дон, Тихи Дон, Л’нд’н – ЛонДон како ниска земја, како дно на земјата, морето и реките. „Други мислат дека името доаѓа од изгледот на Македонците, високи, стројни, здрави луѓе како дабови од планините и полињата. Во секој случај, Македон им го дал своето име на Македонците и ја одредил сличноста на Господарите - Владетели со царевите и со луѓето. Македон ни се претставува како стар, мудар бог кој што бдее над Македонија“[74].

Од поновата македонската вера, веќе споменатиот божји ПОСЕЈДОН, ги претставува морските длабочини. Според моето мислење, Посејдон е ПОСЕД - имот или земја. Ако на имотот ПОСЕЕМЕ семе ќе проникне ДОН или ЦУТ, односно потенцијален плод, кој допрва ќе прерасне во плод, по појавата и оплодувањето од духот божји Македон. Тоа би значело дека Посејдон го претставува Господарот - Господ Македонец - земјоделец кој ја обработува и сее во пролет својата земја.

Обожествените Македонци биле обични луѓе, но нивната моќ и сила е слична со онаа на Бог Сонце. Такви карактеристики поседува стариот Тешт - господарот и Зетот – Господ, Господарите - Владетели на земјата. По смртта, како што налага древниот македонски ритуален обред за патување на душата до рајот и другите делови од божјиот поглед „SE“ низ вселената како БОЖЕСТ-ВА ЅВЕЗДИ, што претставува вселенски рај, Македонците изгорени на клада, со пламените јазици како сончеви зраци качени на Сонцето, каде што прочистени и просветлени, светат со својата чистота како дух божји Македон, се враќаат во рајот со сончевиот зрак ИЛ. Понатаму, тие се раѓаат како нов живот, реинкарнирани во целиот жив свет на земјата (ИСУС). Но, тие се реинкарнирани и во светци да светат како божеството Сонце, персонифицирајќи ги и претставувајќи ги неговите особини. За полесно сфаќање од пошироките народни маси, но и од нивните неписмени наемници, тие се нарекувани со просветлените имиња на обичните луѓе. Во зависност од регионот на Земјината топка, подоцна се преименувани со имињата на нивните локални владетели. Обид за преименување и извртување на божествените управувачки карак-

[73] „Македон“ попознат како „Адам од Говрлево“, фотографија Бранко Сотировски

[74] Ангелина Маркус „Нова Македонија“ - Приказна за Богот Македон, вторник 24.11.2009 год., број 21845.

теристики се случило со појавата на градот Рим како окупатор на македонските земји низ Европа, северна Африка и Азија. За полесно владеење и уништување на македонскиот народ и култура, исто како и денес, македонските културни достигнувања, окупаторот ги „подарува“ на своите сојузници, а поранешни безимени поданици на Македонците. Таков е случајот со семитските групи на луѓе, лоцирани во неколку градови на југот на Македонскиот Полуостров, наречени од римскиот окупатор – Грци (Graicoi), чие што име значи измамници. Во северна Европа таков е случајот со Готите, Галите и Скотите.

Управувачките особини и принципи на божеството Сонце ИЛИ – ИЛЕ се пресликани во едно модерно општество, модерна држава наречена Големата Зета Македонија. Сето тоа е констатирано според пишаните документи, споменици на културата низ целиот свет и во историскиот период на македонскиот народ од пред 400.000 г. сè до денес, преточено во христијанството. Зетот како Господ и Бог Сонце на земјата и државата Зета Македонија, како систем на владеење, се состои од истите денешни управувачки институции на македонската држава, како отсликување на божјите карактеристики, персонифицирани во имиња чија функција има налик на модерното општествено раководење како:

Министерство за одбрана: Арес, Ѕеус, Атина, Ника, Енио, Херкул, Атлас.

Министерство за правда: Ѕеус, Дика, Атина, Јустиција.

Министерството за надворешни работи: Хермес.

Министерство за труд и социјална политика: Хера, Хестија, Хефест.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство: Деметра, Пан, Артемида, Афродита, Посејдон, Персефона.

Министерство за здравство: Асклепиј, Хигија, Аполон, Хемера, Илитија.

Министерство за култура: Аполон, Дионис, Хермес и музите: Талија, Мелпомена, Полихимнија, Ерато, Калиопа, Клио, Евтерпа и Терпсихора.

Министерство за образование и наука: Атина, Уранија, Аполон, Ѕеус, Прометеј.

Сите тие биле персонификација на божјите особини, како карактеристики на еден единствен Бог, не засебни богови, туку делови од целото, едното. Тие биле светци, кои светат со својата чистота, вивнати кон Сонцето, а потоа дојдени на земјата, како дух божји Македон, дојден од Космосот. Македонската вера, со временски период од 400.000 г., е основа на денешната религија, основа на денешните владејачки апарати и основа на европскиот и светскиот културен развој, затоа изминатиот временски период сè до денес може да се нарече МАКЕДОНСКА ЕРА на културата.

Сето верување, дешифрирано и транскрибирано на современ македонски јазик од пишаните споменици, како сведоштва, е прикажано на следниве страници, а со што останува наша задача, сето тоа да се прикаже во јавноста како дел од едно непроценливо богатство на еден народ - МАКЕДОНСКИОТ, кој му подарува на светот древно исконско верување поткрепено со наука во вид на напишани докази, а со тоа влегува во историјата како прв народ, чии цивилизациски развиток има континуитет. За Сонцето како единствен Бог, за големата МА со нејзините развојни фази, која го претставува РАЈОТ МАКЕДОНИЈА на земјата, за пролетта ДОН, за синот божји Македон и ЛУНА како времето бесконечно, се чуваат живи спомени и во многубројните песни и приказни, македонскиот вез и орнаменти на македонскиот килим, кои откриваат траги за писмо, јазик и култура, која претставува историја на светот.

## III. МАКЕДОНСКА ЕРА НА КУЛТУРАТА

## Историски развој на македонската цивилизација, како историја на светот со континуитет до денес

### III.1 МАКЕДОНСКО ПИСМО

Писмото и јазикот се создадени во согласност со природата, тие се природна појава, тие се меморија на природата, а самото писмо претставува визуелно претставување на говорот. Како што вели истражувачот Одисеј Белчевски, во едно свое интервју, јазикот е **„директно создаден од концептот за сфаќањето на природата.** Тој е генијален, грандиозен концепт создаден токму од природата."[75] „Почетната точка на општолингвистичките размислувања на италијанскиот филозоф Бенедито Кроче е во човековото спознание, при што тој разликува интуитивно од логичко спознание. Според него, до логичкото спознание се доаѓа по пат на интелигенција, па се добива поим, а до интуитивното по пат на имагинација, при што се добива слика."[76]

Ако говорот произлегол од природата, од природните појави, тогаш и формата на буквите произлегува од самата природа, од Сонцето и сончевите зраци и од физичките и геометриските законитости. Тоа несомнено укажува на фактот дека тој народ што го согледал сето тоа, поседува интелигенција и е свесен да ги препознава природните закони и појави и врз основа на тоа да спознава и создава знаци за обележување на гласовите, кои имаат СВЕТ карактер. Тие произлегуваат и од геометриските симболи, кои се апстрактен приказ на природата и кои се објаснети подоле: точката, линијата, крстот, свастиката, спиралата, триаголникот, четвороаголникот и пирамидата. Тие симболи претставуваат основа на светоста на родот Македон и на неговата вера, кои имаат својство на лигатури, геометриски слики и тела, со одреден текст и порака. Тие симболи се божјите слова и цифри. Словата и писмото се нешто свето кое осветлува, просветлува, сија, осијува, лие, оплодува. Тие имаат спиритуална моќ произлезена од апсолутното совршенство на законите во природата. Тоа е една од најголемите придобивки на цивилизацијата како чудо божјо и клучен фактор за основање на големата Зета Македонија. Овој божји дар е главната причина како за брзиот развој на просветата и културата, така и за прераснувањето на Македонија во една од земјите со најстара цивилизација. Првобитните симболи ги создаваат првите букви и цифри како дел од првиот јазик на светот – Македонскиот, кој е **„древен исконски јазик, за што сведочи фактот дека во него се забележани сите природни закони. Тој прајазик беше медиум преку кој природата мораше да се изрази"**[77]**. Древниот македонски и денешениот современ јазик е како ехо или одек на природата, со една мистично лингвистичка содржина, каде што таа е во хармонизација со формата. Нема ништо во природата, а кое што го нема во јазикот, писмото, формата на буквите.** Словата споени во зборови и преточени во текстови, цртежи и лигатури, најчесто се поставувани на свети места, рамнини, карпести предели, или во пештерите и планините. Многу често се изработувале светилишта како пирамиди и конуси, кои имале функција на вештачки планини.

Секој глас се бележи со едно слово или сончев зрак, како најголема почит кон Богот Сонце ИЛИ – ИЛЕ. **Правецот на читање е од десно кон лево и обратно и од горе кон доле и обратно**. Древните две словарници (кирилица и латиница) со право може да се наречат **МАКЕДОНСКИ ПИСМА НА ЦУТОТ**, **т.е. СЛОВА НА ПРОЛЕТТА, БИДЕЈЌИ СОНЧЕВИОТ ЗРАК Е ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН И КАКО ПРИЧИНА И ПОЧЕТНА ТОЧКА ПРИ ОФОРМУВАЊЕ НА СЛОВОТО ИМ ДАВА КАРАКТЕР НА ЦУТ ИЛИ НЕШТО ШТО дава ПЛОД, Т.Е ЗБОР.** Првата македонска азбука содржела 21 слово. На самиот почеток од создавањето на **словарницата,** буквите биле во форма на сончеви зраци[78], зраци кои се спуштаат од Сонцето кон земјата, зраци како божји

---

[75] Одисеј Белчевски – Интервју Битола 2007 by VojnikMs http://www.erepublik.com/en/article/-1-1950914/1/20

[76] Димитар Пандев „ОПШТОЛИНГВИСТИЧКА ПОДДРШКА НА ТЕМАТА ЈАЗИК И КУЛТУРА"

[77] Одисеј Белчевски – Интервју http://www.erepublik.com/en/article/-1-1950914/1/20, пристапено на 28.04.2015.

[78] Дешифриран текст: „Сказалка на времето" Билзингслебен, Германија, пред 400.000 г. стр. 185; „Столот на божја Кокина" Кокино набљудувачница, Македонија, 400.000 – 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 83; „Зимски празнувања"Крапина, Хрватска 130.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 143; „Божји дух Македон" La Ferrassie, Франција 70.000 – 50.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.249; „Мамутова колиба" Планина Урал, Русија, 40.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 257.

дух претставен со светите букви и цифри, со облик на сончев зрак, стрелка, вселенско летало кое се спушта од небото под одреден агол. Аголот на напишаните букви ни ја покажува положбата на самото Сонце во текот на денот. Словата во облик на сончевите зраци служеле како стрелки и показатели за изработка на сончеви часовници и инструменти за движење на море и копно. На истиот принцип се формирани и македонските цифри од еден до осум. Деветката пак ја симболизира вселената, а нулата како обединител го претставува самото Сонце.

Имено во Македонија биле во употреба две соварници („јавната“ и „тајната“) од чија основа, како деривати, произлегле сите подоцнежни писма.

„Според дешифрираниот јазичен материјал, досега се распознаени 35 букви од древната македонска „јавна азбука“ и сè до XIII в.н.е. во Македонскиот јазик именките и другите именски зборови ја вршеле својата синтаксичка служба во реченицата преку падежни наставки, а во Македонскиот јазик имало седум падежи за еднина, множина, и двоина (дуал). Може да се тврди дека двете древни македонски азбуки („јавната“ и „тајната“) егзистирале паралелно, бидејќи на повеќе артефакти (печати, глинени плочи итн.) се регистрирани натписи со истовремена употреба и на едната и на другата праисториска македонска азбука[79]“. Обете азбуки имаат повеќе заеднички црти. Од многу големо значење е соопштението на Херодот дека Елините во Тесалија немале писмо сè додека не ги покорил и не им го наметнал писмото Кадмо синот на Фоиник, внук на Агенор, кој пред тоа го основал Лихнид, денешен Охрид. Кога веќе на Македонскиот Полуостров (Балканот) имаме гласовно писмо во Осинчани, Лепенски Вир и Говрлево уште од 7.000 - 6.000 г.п.н.е. сметаме дека Македонците имаат култура која е со илјадолетија пред елинската[80].

„Со дешифрирањето на повеќе натписи, записи или текстови се овозможува пополнување на многу празнини во древната историја на македонскиот народ и на неговата општествена формација од таканаречената праисторија, а здобиените лингвистички информации од областа на синтаксичката, семантичката и употребната вредност на јазикот, третиран како систем на поврзани јазици при веќе претходно издиференциран и разработен систем на графеми и фонеми, ни овозможува надминување на некои заблуди, недоречености или погрешни ставови во науката во врска со проблематиката на таканаречените пишани знаци во таканаречените праисториски култури, т.е. во ерата на функционирањето на гласовното (фонетското) писмо, кое ни овозможува дешифрирање и запознавање на фиксираниот артикулиран говор на нашите предци.“[81]

Кога се работи за самите почетоци на употреба на буквите и нивното датирање има огромна заблуда уште од времето на средновековието, провлекувајќи се кај научниот свет сè до денешни дни, негирајќи го фактот за македонскиот карактер на првите букви, јазик и култура. Термините формирани од западнонаучната „лига“ а слепо прифатени од домашните експерти, како на пример: „старомакедонски јазик“ во оваа книга немаат никакво значење и не се употребуваат, а пак употребата од научната „лига“ на термините „старословенски јазик“, „старобугарски јазик“, „старогрчки јазик, писмо“ и др. не може да се прифатат од здравиот и логичниот разум. Имено македонскиот јазик е ЕДЕН, сметано од денес наназад, во временскиот период од најмалку 400.000 г. Со милениуми се развивал од сопствените експерти, како одродени Македонци, со тенденција на изменување и упропастување на древниот исконски корен, формирајќи современи јазици низ целата територија на Големата Зета Македонија. Тие научници се потомци на еден ист народ распространет на пет континенти, прекрстен во други имиња на измислени племиња за борба против сопствениот народ и вистинскиот идентитет. Во ова мое излагање терминот „старомакедонски јазик“ е заменет со: „МАКЕДОНСКИ ИСКОНСКИ ЈАЗИК“. Што се однесува за термините „старословенски, старобугарски, старогрчки“ и др. во секаква смисла го губат своето значење, затоа што во временскиот период, пред да бидат измислени тие термини, постоел терминот МАКЕДОНСКИ.

Современа македонска азбука

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Б | В | Г | Д | Ѓ | Е | Ж | З | Ѕ | И | Ј | К | Л | Љ | М | Н | Њ | О | П | Р | С | Т | Ќ | У | Ф | Х | Ц | Ч | Џ | Ш |

[79] Васил Иљов „Историја на Македонија“ – 1 дел (веб сајт http://www.makedonijaese.com/storia2.htm), пристапено на 28.04.2015.
[80] Усна консултација со рецензентот М.Л.
[81] Извор: http://www.makedonijaese.com/storia2.htm, пристапено на 28.04.2015.



Сл. 23 Македонска азбука, според дешифрирани текстови од споменици на писменоста со изминат временски период од пред 400.000 г.од Бранко Сотировски.

**Легенда:**

01. Место Пашкуљ, Гравир од с.Крилатица, Кратово, Македонија, 32.000 г.мак.е.пред.п.христ.
02. Место Чашка, Велешко, Македонија, 8.000 г.м.е.п.п.х
03. Локалитет "Церје", Говрлево, Скопско, Македонија, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. (Васил Иљов)
04. Локалитет "Црна Лома" или "Илина Гора" Осинчани, Скопско, пред 9.000-1.100 г. (Васил Иљов)
05. Локалитет Пилово, с. Бурилчево, Кочанско Македонија, пред 3.500 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.
06. Некропола Болован, Богданци, Македонија, пред 900 – 600 г.
07. Епитаф на поетот Димо Ридил од островот Лемно, Егејска Македонија, 700 г.мак.е.пред.п.хр. (Васил Иљов)
08. Равенија,Беломорска Македонија 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.
09.Лепенски Вир, Зета Мадонија, Македонски полуостров, (денешна Србија), 5.300 – 4.800 г.м.е.п.п.х.
10. Павлов, Зета Мадонија, денешна таканаречена Чешка, 29.000 – 25.000 г.мак.е.пред.п.христ.
11. Област Val Camonica, Зета Македонија ИЛИНА, денес таканаречена Италија, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.
12. Зета Македонија Пролетен Ветер, денешна таканаречена Данска, пред 2.100 – 900 г.
13. Пештера Алтамира, Зета Македонија Пиринејска, денес таканаречена Шпанија, 14.800 – 14.400 г.м.е.п.п.х.
14. Пештера Rouffignac, Зета Македонија Нанија, денес таканаречена Франција), 14.000 – 13.000 г.мак.е.пред.п.х
15. Пештера PECH-MERLE, Зета Македонија Нанија, денес таканаречена Франција, 13.000 – 11.000 г.м.е.п.п.х
16. Patne - Индија, Зета Македонија Востанија, Југоисточна Азија, 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.
17. Зета Македонија Востанија, централна Азија (денес наречена Кина), 130.000 – 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.
18. Tell es-Sawwan, Зета Македонија Меѓуточна, денешен Ирак, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.
19. Khao Pla Ra, Зета Македонија Востанија, денешен Тајланд, 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.
20. Локалитет ЗЛАТНО БРДО (Altyn-Depe), Туркменија 3.000 - 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.
21. Пештера Lene Hara, Зета Македонија Сончев Зрак, денешна Индонезија, 6.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.
22. Наска линии, Зета Македонија Прекуокеански Јужен ЦУТ, денешен Перу, 100.000 – 70.000 г.мак.е.пред.п.х.
23. Зета Македонија Прекуокеански ЦУТ, денес Колорадо, С.А.Д. 14.500 – 7.000 г.мак.е.пред.п.христ.
24. Бломбос, Јужна Африка, пред 75.000 г.мак.е.п.п.х.
25. Зета Македонија АР на МА, денес Египет, I династија 2.925 г.мак.е.пред.п.христ.
26. Национален парк Какаду, Австралија, 20.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.